**ПРОЛУКС АД Велес**

# ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРОТ И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ за 2018 година

Велес, јуни 2019 год.

PRO AUDIT

До
Акционерското собрание на
Акционерско друштво
ПРОЛУКС АД Велес

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Акционерското друштво ПРОЛУКС АД Велес, коишто го вклучуваат извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2018 година, како и билансот на успех, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и извештајот на паричните текови за годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за интерната контрола којаштo е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.
Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот.
Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Заради прашањата опишани во пасусот Основа за воздржување од мислење, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како

ADRESS
Braca Ribar 1, lok.5
Kumanovo, Macedonia
PO BOX 236

TELEPHONE & FAX
+389 (0) 31 422 762
+389 (0) 70 228 110
+389 (0) 70 375 077

WEB
kontakt@proaudit.com.mk
www.proaudit.com.mk

основа за мислење за ревизијата.

### *Основа за воздржување од мислење*

Како што е опишано во белешка 5 кон финансиските извештаи, Друштвото има евидентирано земјиште со вредност од 12 илјади денари и градежни објекти во износ од 1.996 илјади денари. Друштвото од своето основање располага со овие недвижности, но до датумот на одобрување на овие финансиски извештаи Друштвото ја нема запишано ниту има склучено идни договорни ангажмани поврзани со запишувањето на сопственоста на претходно наведените нетековни средства.

Кзко што е опишано во белешка 6 кон финансиските извештаи, залихите на Друштвото вклучуваат залихи на репроматеријали, недовршено производство и готови производи во износ од 4.602 илјади денари. Иако постојат индикации за намалување на вредноста на овие залихи што произлегува од застареност и некурентност на залихите, кои како што е понатаму обелоденето во белешка 6 се набавени и произведени пред 2004 година, друштвото нема извршено проценка на нивната нето реализациона вредност. Доколку истата била направена можеби би било неопходно да се намали сметководствената вредност на залихите до нето реализационата вредност на залихите и да се признаат расходи и загуби по тој основ. Ние не бевме во состојба да го процениме износот на евентуалната загуба од обезвреднување на овие залихи.

Како што е опишано во белешка 10 кон финансиските извештаи, Друштвото има евидентирано краткорочни обврски за даноци и придонеси во износ од 22.843 илјади денари, кои како што е понатаму опишано во истата белешка најголем дел произлегуваат од пред 2004 година. Поради природата на евиденцијата на друштвото ние не бевме во состојба да потврдиме дека овој износ ги содржи сите обврски и неизвесни обврски за даноци и придонеси и камати на даноци и придонеси.

### *Воздржување од мислење*

Поради значењето на прашањата објаснети во пасусот Основа за воздржување од мислење, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизијата. Следствено, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи.

### *Нагласување на прашање*

Без дополнително да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание на белешката во точка 1 и точка 9 од извештајот. Имено, друштвото не работи од 2004 година, а обврските на друштвото ја надминуваат вредноста на средствата за износ од 38.764 илјади денари, поради што постои сериозно сомневање за тоа дали Друштвото ќе биде во можност да продолжи со работа применувајќи ја претпоставката за контиуитет.

ADRESS
Braca Ribar 1, lok.5
Kumanovo, Macedonia
PO BOX 236

TELEPHONE & FAX
+389 (0) 31 422 762
+389 (0) 70 228 110
+389 (0) 70 375 077

WEB
kontakt@proaudit.com.mk
www.proaudit.com.mk

PRO AUDIT

***Извештај за други правни и регулаторни барања***

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа согласно со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е согласно Законот за ревизија да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2018.

Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2018 година.

Куманово
15.06.2019

Овластен ревизор
Дејан Вељковски

Друштво за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово
Управител
Дејан Вељковски

Друштво за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

ADRESS
Braca Ribar 1, lok.5
Kumanovo, Macedonia
PO BOX 236

TELEPHONE & FAX
+389 (0) 31 422 762
+389 (0) 70 228 110
+389 (0) 70 375 077

WEB
kontakt@proaudit.com.mk
www.proaudit.com.mk